


КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО

**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**

www.kbprvo.com.mk

## ЈАНУАРИ 2024

# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ФИНАНСИСКИ ДВИЖЕЊА

# ГЛАВНИ ДВИЖЕЊА НА СВЕТСКИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ НА КАПИТАЛ

Макроекономските податоци на почетокот на годината покажаа мешани сигнали, но оптимизмот за меко приземјување сè уште расте. Инфлацијата паѓа побрзо од очекуваното во повеќето региони, благодарение на построгата монетарна политика. Геополитичките тензии беа исто така уште еден фактор што имаше влијание врз глобалните економии создавајќи одредена доза на неизвесност.

Глобалниот индекс MSCI ACWI во јануари оствари благ пораст од 0,53%. Следено по региони, S&P 500 индексот што ги прикажува американските акции, ја започна годината со најголем принос од 1,59%, а веднаш по него следи индексот STOXX 600 каде се вклучени европските акции со принос од 1,39%. Од друга страна е MSCI Emerging Market индексот каде се опфатени акциите од брзорастечките економии чија вредност забележа најголемо намалување од 4,68% во текот на изминатиот месец и MSCI Asia Pacific кој исто така оствари пад од 1,70%.




MSCI Asia – Pacific – Индекс кој ги следи движењата на акциите во 13 земји од регионот Азија –Пацифик
MSCI Emerging Market – Индекс кој ги следи движењата на акциите во 25 земји во развој
STOXX 600 – Европски индекс на акции (котираат во 17 европски држави)
S&P 500 – Индекс на акции на 500 американски компании со најголема пазарна капитализација
MSCI ACWI – Светски индекс на акции кој ги следи цените на акциите во 47 држави

*Извор: Блумберг*



Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)(02) 3224 229, www.mapas.mk

# ДВИЖЕЊЕ НА МБИ 10 ИНДЕКСОТ



Во текот на јануари, македонскиот берзански индекс МБИ 10 забележа пораст од 5,82%, при што најголем дел од акциите кои се дел од неговата структура забележаа високи приноси. Најголем принос во изминатиот месец оствари Уни банка чија цена порасна за 11,75%, заедно со Комерцијална банка која порасна за 11,65% и НЛБ банка со 10,93%. Најслаб перформанс оствари ТТК банка со пад на вредноста на акциите од 2,14% и Гранит со пад од 2,06%.




*Извор: Блумберг*



Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)(02) 3224 229, www.mapas.mk

# ДВИЖЕЊА НА ПРИНОСИ НА ОБВРЗНИЦИ

Приносите на обврзниците во текот на изминатиот месец завршија на малку повисоко ниво поради геополитичките тензии кои се сè уште присутни и посветеноста на централните банки да ги задржат каматните стапки повисоки подолго време. На последните одржани состаноци, ФЕД и ЕЦБ ги задржаа основните стапки непроменети. На крајот од јануари, највисок принос од анализираните обврзници има македонската обврзница изнесувајќи 5,23%, додека најмала стапка на принос има јапонската обврзница, која изнесува 0,73%.




*** Приносот се однесува на еврообврзница со датум на доспевање 03/10/2028.**

*Извор: Блумберг*

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!
www.kbprvo.com.mk

# ДВИЖЕЊА НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ



На почетокот од годината, најголем пораст во однос на еврото забележа американскиот долар (USD) од 2,04%, а по него следи британската фунта (GBP) со пораст од 1,67%. За истиот овој период споредено со еврото, јапонскиот јен (JPY) и австралискиот долар (AUD) остварија најголемо намалување, изнесувајќи 2,08% и 1,64%, соодветно.

**Движење на светските валути во однос на еврото (EUR)**




● Јануари

*Извор: Блумберг*